**Дејан Донев**[1]

# ПОЈАВАТА И РАЗВОЈОТ НА БИОЕТИЧКАТА МИСЛА ВО МАКЕДОНИЈА

Повеќе од очигледно е дека живееме во време кога човештвото сака, или уште повеќе, е присилено да ги решава проблемите од светскиот развој, односно неудобноста и страдањата предизвикани од човечката алчност, потоа насилството, теророт, уништувањето на природата, невнимателноста кон големите социјални, економски, технолошки и политички конвулзии, опасноста од вооружувањето, нуклеарните ресурси, неконтролираните хемиски продукти, новите болести, научната индиферентност кон самоконтрола, насекаде распространетите непријателство и говор на омраза, зголемениот број конфликти, луѓе и нации..., како и многу други негативни причини. Станавме свесни дека сѐ ова мора да биде коригирано или, едноставно, повеќе нема да постоиме на оваа планета! Се работи за императивот што произлегува од човечкото невнимателно однесување, а тоа може да се види во тезата: „насекаде и во однос на секого и сешто“!

Поради тоа, етиката денес доживува повторна ренесанса, односно се наоѓаме во т.н. „етичка ера“, а која не е ништо друго, туку потреба за изнаоѓање решение за огромните проблеми и промени што бараат голема доза на сериозност и одговорно однесување. Па, така имаме нови цели и задачи во нашето живеење - луѓето мора да поседуваат морална (био)сензитивност, да ја променат парадигмата на разбирање и живеење на животот сам по себе. Освен идејата дека мора да се престане со аморално однесување и со лоши одлуки, тука е и сѐ поочигледното присуство на стравот што произлегува од сознанието дека животот на човекот зависи од дејствата на самите луѓе, односно дека животот мора да биде зачуван сам по себе.

---

[1] доц. д-р Дејан Донев, Правен факултет „Јустинијан Први“, Институт за новинарство, медиуми и комуникации, Скопје. Претседател на Центарот за интегративна биоетика, како и на Одделот за етика и биоетика при Македонското филозофско друштво. e-mail: donevdejan76@gmail.com; dejandonev@pf.ukim.edu.mk.

Оттука, овој елемент на неодамнешната ренесанса на етиката претпоставува реална база за револуција во нашиот морален систем, инспирација за нови етички вредности и потреба за длабоко посветена работа од страна на етичарите, филозофите, теолозите, научниците..., односно разбудена свест и свесност на човечкиот род како да се зачува себеси, но истовремено да го зачува и да го поправи она што досега било уништено. Па, така, сега мора да се обединиме во желбата уште еднаш и засекогаш да ја инаугурираме етиката, но овојпат посебно биоетиката, како карактеристика на оваа нова, втора по ред ренесанса на етиката. Човечката духовната креација сега мора да биде ставена на прво место, бидејќи нејзиното проучување и истражување станаа потребни и суштински за светот, посебно за младите луѓе. Ова го бараат Обединетите нации, УНЕСКО, како услов за креирање вистински идеали за модерниот човек, особено издржана аксиологија, норми и вредности од добрите морални практики.

Истовремено човештвото дојде и до генерален заклучок дека универзалната биоетика е повеќе од потребна во соочувањето и справувањето со сегашните проблеми што се резултат на нашиот индолентен однос кон истите, посебно со злоупотребата на резултатите од биотехнолошката револуција од 80-тите години од минатиот век, па сѐ до денес! Со други зборови, биоетиката е вистинскиот одговор на она што ни се случува, соодветна контрареакција на истото тоа. И нејзината „официјална дефиниција“, исто така, сведочи за ова, а, според неа, биоетиката претставува: „...систематско проучување на моралните димензии - вклучувајќи ги моралните погледи, одлуки, однесувања и дејствувања - внатре животните науки и здравствената грижа, која притоа служи како различност од етичките методологии во една интердисциплинирана средина“[2] или, уште повеќе, како што е напишано во „Етичкиот лексикон“ на Хофе „биоетиката (...) е разбрана како интердисциплинирана наука базирана на преживување, која првенствено бара градење мостови помеѓу духовните и природните науки...“[3].

Тоа е така затоа што биоетиката може да креира услови за одржување и за подобрување на формата на условите од сегашноста наспрема иднината и кон оние што доаѓаат. На ова веројатно мислел и Потер кога ја прецизирал биоетиката како специфичен *мост кон иднината*, но *иднина* која *сега* ја живееме, значи, поригорозно кажано: Да се

---

[2] T. Reich, „Introduction“, in W. T. Reich (ed.), *Encyclopedia of Bioethics*, book I, pp. XXI.
[3] Otfried Höffe, „Bioethik“, in Otfried Höffe (ed.), *Lexikon der Ethik*, Beck, München, 1997, pp. 28.

биде или не, зависи од сите нас! Многу блиску во иднината секоја форма на етика ќе биде или мора да биде или ќе заврши во биоетиката како таква, бидејќи вредноста на животот, неговата светост, е пред сѐ.

Во овој контекст, како што стојат работите, можеме ли да кажеме дека сме подготвени да го преминеме мостот кон иднината? Прашањето произлегува поради фактот дека светот понекогаш дебатира, а некаде сѐ уште го прави тоа, во однос на дилемата дали биоетиката е заснована или мора да биде фундирана во медицинските полиња (медицина, ветеринарна медицина, нега, фармакологија, биолошки студии за човечкиот живот и за другите форми на живот) или, генерално, треба да биде третирана пошироко (како модерна практичка етика). Тоа е проблем што не може да биде решен бидејќи и двете позиции се статични и неподготвени на компромис.

Вакви ситуации, како што е претходната, се неприфатливи, бидејќи реалноста не може да чека на дефинитивна согласност за тоа дали биоетиката има чисто научен статус и јасност или дали таа има некој посебен статус како професионална или генерална наука и практика, односно дали нејзината природа е претежно биолошка или етичка. Таа е овде, на прагот, додека сѐ поголем број здравствени проблеми, загадувања на животната средина, наркотични зависности, насилства, конфликти, човечка невнимателност, криминални дејства, како и лошо однесување... доаѓаат во бранови, а сѐ што тие бараат е сериозност и брзи човечки дејствувања и одговори.

Претходното значи дека биоетиката може да биде разгледана и употребена како еден од најмоќните и конструктивните ресурси во решавањето на проблемот на универзалната егзистенција и преживување, особено преку нејзино изучување во едукативниот систем, бидејќи таа е многу прецизна база на податоци што овозможуваат креирање и развивање нови форми на ригорозна човечка свесност и самосвест. Ова значи дека е повеќе од потребно да се претставаат идејата и реалноста на биоетиката.

И додека светот работи на подготовките за најлошото можно сценарио, согласно со климатските промени и други фактори, истовремено овој ист свет се труди да даде сѐ од себе во вклучувањето на биоетиката и во нејзиното изучување како активни делови на зачувувањето на животот и живеењето. Што се случува во Македонија со оваа идеја и практика на биоетиката? Имено, кога се зборува за развојот на биоетичката свест во Македонија, потребно е да се нагласи дека својата појава, пред сѐ, развојот на биоетичката

свесност, им ја должи на активностите на неколкумина етичари и филозофи од 20-тите од минатиот век, па наваму.

Со други зборови, во Македонија модерната биоетика беше претставена малку порано, т.е. вистинската основа на биоетичката свест и развојот на етиката во однос на биоетиката му ја должиме на човек кој не беше ниту филозоф ниту етичар. Тој, преку своите активности во поглед на Охридското Езеро, воведе комплетно нов пристап во процената на животната средина (во однос на ова езеро), т.е. го претстави правилото дека ништо не може да биде испитано без да се земе предвид зависноста од сите делови внатре во целокупноста и нивното влијание еден на друг.

Тој човек е д-р Синиша Станковиќ, чии дела и резултати не само што придонесоа за развојот на биоетичката свест во Македонија, туку и во светот, иако, како што е напомнато во претходниот параграф, тој не беше ниту филозоф ниту познат во пишувањето етички инструктивни текстови! Имено, тој е прв еколог во Македонија, поточно на Балканот, биолог кој во 20-тите години од минатиот век го создаде Хидробиолошкиот завод, прва институција во Македонија со биоетички идеи и задачи.

Биологот Синиша Станковиќ, подоцна академик, еден од врвните професори по екологија во светот, во 1920 година го основа Институтот во Охрид, со цел поттикнување на природните квалитети на Охридското Езеро и истражување и подобрување на постоењето на охридската пастрмка како загрозен вид. Свеста за биодиверзификацијата и за потребата од грижа за зачувување на природната целина се основите на биоетичката практика. Овој прв биоетички феномен даде резултат, но не се разви во својата целосна потреба и можност, па затоа денес овој стар Институт не е централно место за биоетичко дејствување и мисла во Македонија. Покрај него не се основа ниту факултет или некоја друга научна форма на институција, иако тој, можеби, имаше или ќе имаше светско или барем огромно регионално влијание. Генерално кажано, ние не ги поттикнавме неговите основни идеи и потенцијали и не ја нагласивме или одржавме апсолутната потреба. А, тоа се одразува потешко отколку што очекувавме!

Во овие околности, спомнувањето на биологот Синиша Станковиќ може да се смета за надвор од тематиката во контекст на биоетиката, барем во Македонија. Но, тоа може да биде оправдано со фактот дека вакви проучувања и пристап кон оваа тематика се случија по околу педесет години откако Станковиќ ги почна испитувањата во 1922 година,

а кои доведоа во средните училишта да се воведат книги[4] и проблематика за изучување што се занимава со еколошко прифатени системи, живеалишта и средини.

Исто така, земајќи го предвид периодот во кој Станковиќ ја започна својата научна работа, интелектуалната атмосфера во Македонија, како и фактот дека во исто време и д-р Душан Недељковиќ ја основа Катедрата по филозофија, т.е. Филозофскиот факултет во Скопје, како гранка на Универзитетот од Белград, истражувањата и публикациите на научните резултати од страна на Станковиќ индиректно создадоа атмосфера и во многу нешта влијаеја и на предавањата на Душан Недељковиќ. Уште попрецизно, ако некој подлабоко ги анализира „Скопските предавања"[5], тогаш е сосема јасно дека изборот на материјали, теми и филозофски интерпретации, помалку или повеќе, алудира на фактот за генерална корелација на сè и секого со сè и секого, т.е. на меѓусебна определба и зависност.

Ова доведе до подоцнежно полесно студентско прифаќање на напорите на Павао Вук-Павловиќ за воведување на етиката и за нагласување на потребата за биоетичко размислување, иако истото тоа не може да се изведе експлицитно од неговите дела, како што се „Повик"[6] и „Урнатините"[7], потоа „Филозофии и светови"[8], книга која со својот хуманизам и плуралитет може да биде теориска основа за биоетичка рефлексија. Поконкретно, кога се зборува за Вук-Павловиќ, во овој контекст мора да се истакне дека иако нема децидна декларација за потребата од биоетика, сепак, горенаведените работи, со нивната содржина, идеја и цел, се повик за биоетичност. Имено, „животот е најголемата вредност", вели тој, претставувајќи го во сонетот 99 етичкиот императив: „Во средината на злото ќе се кренеш над злото! Постои само едно нешто што мора да се брани: Не го уништувај живеењето! Единствен начин е: Помислете на целината на човештвото! Постои само една работа што може да ве оправда: Љубете го светот и создавајте го!" Ова не е само поради тоа што негова основна тема се „човекот" и „животот", туку и поради

---

[4] Siniša Stanković, *Okvir života*. Kultura, Skopje, 1954. (re-edited in 1977, Naučna knjiga, Belgrad), како и Siniša Stanković, *Ekologija čoveka*, Naučna knjiga, Belgrad, 1974.
[5] Душан Недељковиќ, *Историја на филозофијата*, Македонска книга, Скопје, 1984.
[6] Pavao Vuk-Pavlović, *Call*. Skopje, MCMLXIV.
[7] Pavao Vuk-Pavlović, *Ruins: Sonnets from Skopje*. Skopje, MCMLXIV.
[8] Pavao Vuk-Pavlović, *Philosophies and the Worlds*. Annual collection on Faculty of Philosophy in Skopje, b.14, Skopje, 1962, cf. Pavao Vuk-Pavlović, *On meaning of philosophy*. Institute for philosophy in University in Zagreb, Philosophical studies 1, Zagreb, 1969.

начинот на кој човекот и животот се испреплетуваат. Тоа го апострофира фактот дека никој не може да биде етичен доколку не прифати дека основата на секоја етика е биопостоењето. Во овој контекст, тој го нуди најважното биоетичко признание: „Твојот живот се заснова на постоењето на сите нешта и има влијание врз нив исто како што останатите живи суштества имаат влијание врз твојот живот“.

Поуките на Вук-Павловиќ, иако не толку широко, сепак, сè уште живеат во етичките мисли и во едукацијата на младите мислители. Во 1971 година (кога името и практиката на биоетиката се појавуваат во светот), при последното универзитетско предавање, Вук-Павловиќ замина од студентите со нова оставина: „Грижете се за живото(т) и создавајте љубејќи!“.

Неговата работа и доктрина, како и едукацијата која им ја даде на студентите, ги овозможија настаните во средината на петтата деценија од минатиот век, а од своја страна тие создадоа основа за денешната биоетика. Во 1959 година тој ја формира Естетичката лабораторија, чиј директен резултат е книгата „Творештвото и музејската естетика“[9], значајна затоа што за прв пат во Македонија отвори дебата за местото на човекот во музеите, како и за нивната меѓусебна врска, каде што музејот го претставува просторот за човековото етичко размислување и естетска работа.

Во овој историски приказ, како една добра практика и реалност, исто така, можеме да ги апострофираме и акциите на дефектолозите на чело со проф. д-р Љупчо Ајдински. Во последните 50 години тие создаваа и подобруваа, се грижеа и негуваа инвалиди - основаа институции, развиваа акти и легислативни предлози и решенија, воспоставија едукативни и научни институти во кои се започна со специјализирани студии и образование, објавуваа книги и магазини. Во овие посебни педагошки и медицински активности се бележи особената длабока љубов за животот и негата кон повредените[10]. Тука одржуваме чекор со светот.

Во многу земји, во голем број дискусии и научни студии биоетиката, пред сè, се поврзува со медицината. Грижата за здравјето е центар на практичката етика, па затоа медицинската етика често се идентификува со биоетиката во целина. Според општото

---

[9] Павао Вук-Павловиќ, *Творештвото и музејската естетика,* Метафорум, Скопје, 1993.
[10] Кирил Темков, „Етичките димензии на дефектолошката професија“, *Дефектолошка теорија и практика,* Филозофски факултет, Скопје, 1998, 4: 9-25.

издигнување на етиката во светот, во Македонија се појавија студии од областа на деонтологијата, т.е. етиката на професијата. Во медицината, проф. д-р Карпош Бошковски прв ја подготви научната студија „Медицинска етика“[11], потоа следува д-р Нада Поп Јорданова со „Медицинска етика“[12], а проф. д-р Бранислав Даштевски е автор на „Етика во стоматологијата“[13]. Денес овие книги се користат во медицинското и во стоматолошкото образование како стандардни.

Како во другите земји, така и во Македонија, во 1999 година Министерството за здравство ја формира Комисијата за биоетика, чиј прв претседател беше познат лекар, проф. д-р Илија Џонов, а во 2000 година и Комисијата за правата на пациентите при Медицинската комора. Втората комисија, поактивна, организира неколку јавни дискусии за биоетичките проблеми (трансплантација, евтаназија, итн.), но без ефективни резултати. Во тоа време одредени биоетички проблеми (евтаназија, абортус, итн.), исто така, се разгледани и во „Филозофска трибина“ и во разни други стручни темати, на пример, во последната „Филозофија“[14] од 2011 година.

Но, не е доволно и не е коректно биоетиката да се извлече само од медицинската етика или да се конкретизира во неа. Животот е премногу сложен простор и затоа во процесот на разбирање на биоетичките предлози и проблеми и во активностите за нивно решавање учествуваат и филозофите и сите научници и биолози, педагози и други видови специјалисти. Во овој контекст, екологијата како нов вид социјална и едукативна практика за развој на природата беше претставена во Македонија уште во 1970 година од проф. д-р Љупчо Групче од Институтот за биологија, додека еколошкото движење во Македонија се роди во доцните осумдесетти години од минатиот век. Денес различни групи и организации ја развиваат еколошката етика со поголем или помал напор и успешност. Сепак, таа стана дел од свеста на општеството и во едукативната практика (иако во Македонија потешко е да се решат најголемите еколошки проблеми).

Во оваа смисла, од 1975 година до 1984 година духот на биоетиката беше усовршуван од Естетичката лабораторија (основана од Павао Вук-Павловиќ и во тој

---

[11] Карпош Бошковски, *Медицинска етика,* Скопје, второ издание, *Медицинска етика и деонтологија*, Скопје, 1999.
[12] Нада Поп Јорданова, *Медицинска етика,* Култура, Скопје, 2003.
[13] Бранислав Даштевски, *Етика во стоматологијата,* Магнат, Скопје, 1998.
[14] *Филозофија.* Научно списание на Македонското филозофско друштво. No.31, јуни 2011, стр. 5-117.

период спроведувана од проф. д-р Кирил Темков). Во 1976 година, на првата средба на младите мислители на Преспанското Езеро, се дискутираше за најновата идеја за „Екософија“. Од 1975 година до 1982 година на најразлични настани и случувања, спроведени од Филозофскиот факултет, како сегмент на универзитетскиот Отворен театар, беа промовирани еколошки идеи и должности за луѓето и природата. Во 1977 година беше организиран голем биоетички настан, шоу организирано од група студенти од различни факултети. Круна на цел настан беше извонредната изведба на „Животинска фарма“ од Џорџ Орвел, во перформанс на студентска група од Театарската работилница ФФ, а таа беше најдобра филозофска и политичка изведба во 1981-1982 година во СФРЈ. Во овој настап беа претставени обединувањето на живиот свет на Земјата и потребата да се надминат сите манипулации со живеењето. Една декада подоцна, во 1990 година, Денко Скаловски изработи магистерски труд за идеите на најпознатиот промотор на еколошката етика - Ханс Јонас, подоцна објавени во книгата „Етика на одговорноста“[15]..., а денес сè поголем број студенти изработуваат трудови за биоетика, особено за еколошката етика.

Без именување на дополнителни хронолошки примери од историскиот развој на идејата и практиката на биоетиката во Македонија, треба само да се потенцира фактот дека спомнатите напори доведоа до продукција на текстови, книги и конкретни истражувања, активности и проекти во областа на биоетиката. Голема важност и влијание врз понатамошниот развој на биоетиката во Македонија имаа и сè уште имаат текстовите, книгите и иницијативите од типот на „Етика за младите“[16], „Љубов и грижа“ („Етика за најмладите“)[17] и „Етика за децата“[18], како и „Етиката денес“[19] од проф. д-р Кирил Темков. Во книгата „Етиката денес“ тој открива како статусот на етиката е променет - од етика на доблеста во етика на преживување на човештвото и природата. Постои посебен акцент на новите полиња на етиката, особено биоетиката, еколошката етика, етиката на здравјето, етиката на инфекциите и етиката на зависностите. Денес најзначајните биоетички димензии се вклучени како вредности и задачи во моралните аспекти на личните, општествените, домашните, економските и политичките етики. Ова е тоа што тој, исто

---

[15] Денко Скаловски, *Етика на одговорноста,* BIGOSS, Скопје, 2005.
[16] Кирил Темков, *Етика за младите,* Скопје, 1999-2001.
[17] Кирил Темков, *Љубов и внимание,* Етика за најмладите, Скопје, 2000-2002.
[18] Кирил Темков, *Етика за децата,* Скопје, 2002-2004.
[19] Кирил Темков, *Етиката денес,* Епоха, Скопје, 1999.

така, го открива во „Етичкиот речник“[20], учебниците за екологија за основно образование[21], како и во други текстови, но и во новите учебници за етичко образование за средните училишта[22]. Во овие книги за млади луѓе биоетиката е претставена како најзначаен етички проблем денес. Ова е нешто ново, бидејќи биоетиката, главно, се концентрира во стручните активности и во образованието на специјалисти за одредени професии (медицина, биологија...) и не е дел од широката база на сеопфатно образование, со мисија да се изгради широка биоетичка свест кај сите[23].

Едновремено, други проекти што се вредни за спомнување се проектот на Љубица Топузовски за етичка и биоетичка едукација на децата од второ, трето и од четврто одделение во основно образование, проектот ОХО за еколошка едукација на деца и наставници[24], како и соработката и учеството на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во рамките на Југоисточниот биоетички европски форум. Од посебна важност се иницијативите на граѓаните од „Етичкиот центар“ од Скопје во периодот од 2004 до 2008 година. Првиот семинар за студентите им беше посветен на проблемите со дрога. Исто така, тука можат да бидат вброени и напорите на „Центарот за интегративна биоетика“ од Куманово, за воведување на биоетиката, особено интегративната биоетика (под влијание на хрватските колеги), за прв пат во научните кругови, како и на повисоко ниво на образование.

Исто така, во исто време идејата и концептот на биоетиката се шири и низ другите факултети и научни институции. За добар пример може да се спомне м-р Елена Игновска, т.е. нејзината магистерска теза одбранета на Правниот факултет во Скопје во 2010 година, а подоцна објавена во книгата „Биорепродуктивна етика и право - новите репродуктивни технологии и родителското право“[25], со што се направи обид за промовирање на биоетиката во полето на правото.

---

[20] Кирил Темков, *Етички речник за младите,* Епоха, Скопје, 1999, 2001, 2004.
[21] Кирил Темков, *Еколошки азбучник*, Учебник во прогрес, Скопје, 2003.
[22] Кирил Темков, *Етика за 2 клас гимназија,* како и *Етика за 3 клас гимназија,* Просветно дело, Скопје, 2004.
[23] Кирил Темков, „Зошто и како да се учи етика во нашето образование?“, во *Етика,* Епоха, Скопје, 1998, стр. 152-170.
[24] За подетални информации http://www.oxo.org.mk.
[25] Елена Игновска, *Биорепродуктивна етика и право - Новите репродуктивни технологии и родителското право,* BIGOSS, Скопје, 2010.

Паралелно, една од главните идеи за воведување на биоетичкото размислување е и напорот да се воведе биоетиката во полето на научниот развој, како дел од мастер студиите на сите полиња, одговорноста како дел од етиката на науката, која е основа за секој вид постдипломски студии. Овој проект беше точка за расправа на тркалезната маса на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје во јуни 2007 година[26].

Сепак, првата меѓународна конференција за биоетика во Македонија се случи од 21 до 23 октомври 2011 година, во Охрид, Македонија, под името „Биоетика - знак на новата доба: Биоетиката, медиумите, правото и медицината“. Конференцијата беше организирана од Институтот за новинарство, медиуми и комуникација при Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Центарот за интегративна биоетика, со учесници од Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина и од Бугарија. Се одржа во универзитетскиот Конгресен центар во Охрид, со околу триесет учесници кои, главно, се млади биоетичари во рани фази од нивното истражување, како и реномирани професори по филозофија, право, религија, медицина, но и биоетика. Оваа средба беше убава можност за прикажување на големите потенцијали за изучување на поранешните, но и идните можности на биоетиката.

Темите ги покриваа и вклучуваа, но не беа лимитирани само на проблемот на дефинирање на биоетиката, прашањата за обемот на биоетиката; човечкиот живот и достоинство во филозофски, теолошки и правен контекст; трансхуманизмот, како и употребата на трансгенетски организми; прашањата на медицинската етика (употреба на плацебо, ин витро оплодување, остеолошки студии, односот лекар-пациент и лекар-медиуми-јавни односи); проблемите на правото во поглед на биоетиката (правните норми во практикувањето медицина, основните концепти на правото во биоетичкото размислување, улогата на меѓународните упатства за биоетиката). Тоа беше одлична појдовна точка за идна соработка меѓу научниците кои работат во областа на разбирањето, заштитата и унапредувањето на сите аспекти на *биосот*, придонесувајќи за развој на концептот на интегративната биоетика, обединувајќи знаење, идеи и аспекти на мултидисциплинарен начин и нудејќи широк спектар на можности за истражување и акција.

---

[26] Материјалите се издадени под наслов „Етика во современата наука“.

* * *

Фактот дека во овој начелен историски преглед на идејата и практиката на биоетичката мисла во Македонија се спомнати само одреден број луѓе, книги, активности и настани најмногу придонесе за нашата можноста пореално да зборуваме за појавата на биоетиката во денешна смисла на зборот и употребата на овој термин уште од 2000 година наваму. Сепак, постои долг пат до нејзино целосно диференцирање како посебна наука, барем меѓу институциите за високо образование во Македонија. Тоа е така бидејќи манифестациите на биоетиката, заедно со нивните теоретски објаснувања, имаат големо значење за практичката етика, односно во иднина етиката може да стане биоетика, бидејќи значењето на биолошките фактори на живеење е премногу важно (животот, природата, човештвото се основни категории на биоетиката), посебно во епохата кога тие се повредени и загрозени од различни страни и од лошото однесување на човечкиот род.

Токму тоа е причината поради која треба да се залагаме за (био)етичко образование, особено како нов вид етичко-педагошка активност, која треба да се вклучи во сите нивоа на образование, така што би биле подготвени да ги разбереме и имплементираме новите насоки на човековото живеење, кои се изразени низ синтагмата и реалноста на биоетиката, како основни предизвици со кои се соочуваме во моментов.

За овие предизвици, исто така, зборува и сведочи и публикацијата што е пред вас, бидејќи биоетиката проучува широк спектар на проблеми од најразличен ранг, а кои во фокусот на вниманието го имаат животот: од почетните прашања од областа на здравствената заштита и биомедицинските истражувања околу прашањето на одговорноста за неживите суштества и од генералните услови за заштита на животот (екологија) до длабоки прашања во врска со современата цивилизација и опстанокот на човештвото. Затоа овој поширок опсег на теми, бидејќи помирувањето на универзалноста се бара од биоетиката и од плуралноста на толкувањата и апликациите во различни културални, социолошки и политички контексти, може да биде голема закана, односно да не се впуштиме во чист релативизам!

Во овој контекст, првиот од понудените трудови во оваа публикација со наслов **„Правно-медицинската проблематика на трансплантацијата на делови од човечкото тело заради лекување во Република Македонија“**, на авторите Александра Деаноска-

Трендафилова и Владимир Чадиковски, ги обработува материјата на законската регулатива и практичните аспекти на спроведувањето на законот и примената на оваа терапевтска метода во Република Македонија. Истовремено, тие хронолошки го прикажуваат и развојот на законодавството за трансплантација во нашата држава, прикажувајќи ги најпрвин решенијата од Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување од 1995 година, како и двата правилника што се однесуваат на критериумите за утврдување мозочна смрт, како и за условите што од технички, кадровски и од други аспекти треба да ги исполнуваат здравствените организации што вршат трансплантации, укажувајќи дека новото законодавство за трансплантација од 2011 година е подготвено во согласност со европските и светските стандарди, како од медицински, така и од правен аспект и од позицијата на високо ниво на заштита на човековите права во оваа сфера.

Авторите Деаноска-Трендафилова и Чадиковски воедно ги спомнуваат и подзаконските акти на новиот Закон со кои треба да се обезбеди негова операционализација, како и предлозите за евентуално дополнување и измена на позитивното законодавство за трансплантацијатрансплантациско законодавство.

На крајот е направена анализа и на прекршочните и на казнените одредби како превентивни криминално-политички механизми за можни злоупотреби и дадени се кратко резиме и заклучок за перспективите на трансплантацијата во Република Македонија во иднина.

Следниот труд **„Дарувањето органи и јавното мислење во Република Македонија“**, на авторот Петар Атанасов, претставува повеќе експлораторна анализа за она што постои и е актуелно во јавноста како сознание за донацијата на органи и за трансплантацијата. Истражувањата во пошироки рамки ги идентификуваат и главните проблеми во оваа област, а што се дел од студијата.

Во овој контекст анализата покажува дека ставовите во македонската јавност во врска со донацијата на органи се со многу низок процент на подготвеност за донација во споредба со просечните европски резултати. Безмалку овие резултати од ставовите за донација на органи ги допираат најниските вредности споредено со некои европски земји. Истовремено, податоците од постојните студии покажуваат дека најголеми пречки во македонскиот случај во врска со донацијата на органи се ниската доверба во државните

институции и ниската свест за проблематиката. Според анализите во светски рамки, финансиските стимулации се еден од начините за подобрување на процесот и за тоа треба да се дебатира, особено затоа што македонскиот испитаник, исто така, размислува и за финансиски стимулации и не ги одбива.

Проблемот е ургентен ако се знае дека заедницата на луѓе на кои им е потребна трансплантација расте многу побрзо од заедницата на дарители, како светот, така и кај нас.

Во третиот труд **„Биомедицински потпомогнатото оплодување во Република Македонија“**, на авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се анализираат најзначајните и најактуелните правни и етички прашања што се поврзани со примената на новите репродуктивни технологии, при што авторите даваат анализа на основните законски решенија предвидени во Законот за биомедицински потпомогнато оплодување (БПО), донесен во март 2008 година, како и конкретни предлози за одредени измени и дополнувања на Законот. Освен тоа, во текстот авторите прават и споредбеноправна анализа на законските решенија за потпомогнато оплодување во поголем број држави во Европа и во светот.

Покрај анализата на Законот, меѓу другото, авторите посебно се задржуваат на анализата на неколку актуелни теми во сферата на примената на новите репродуктивни технологии. Имено, станува збор за анализа на неколку од најспорните прашања во сферата на законското регулирање на новите репродуктивни технологии, пред сѐ, на онаа што се однесува на можноста што ја предвидува и македонскиот законодавец - сама жена (која нема брачен или вонбрачен партнер) да биде корисник на постапка за БПО, па сурогат-мајчинство, како и постхумна репродукција.

Четвртиот труд претставен во оваа публикација е **„Финансиски аспекти на трансплантацијата“**, на авторката Маја Парнарџиева-Змејкова, а тој претставува обид за компаративна анализа на финансиските аспекти на трансплантацијата, односно начините за нејзино финансирање во земјите во регионот. Практично анализата почнува со паралела меѓу сите осум земји-членки на „Евротрансплант“ од аспект на финансиите поврзни со трансплантациите, а потоа следи споредба на земјите во регионов од аспект на нивните перформанси поврзни со трансплантациите. Особен акцент и елаборирање на целиот

систем се става на Словенија и на Хрватска, како две држави од регионов кои навистина долги години го развиваат системот и постигнуваат значителни резултати.

На крајот се презентираат перформансите на македонскиот систем за трансплантација и надлежностите на сите институции, како и потребните чекори/мерки што недостигаат за да може да профункционира системот, односно тој да се развива.

Претпоследен труд во оваа публикација е **„Сродството и биомедицинското потпомогнато оплодување од аспект на правото на детето да го знае своето генетско потекло“**, на авторката Елена Игновска, во кој се анализира влијанието на примената на технологиите за биомедицински потпомогнато оплодување (БПО) врз сродството во рамките на семејното право на компаративно ниво, но се дава и посебен осврт на состојбата во Република Македонија.

Текстот, исто така, нуди и преглед на регулативата за сродството во рамките на *Законот за семејство* и *Законот за биомедицинското потпомогнато оплодување* на Република Македонија, дијагностицирајќи ги правните несогласувања и проблеми. Истовремено, текстот се фокусира и на конкурентните биолошки/генетски, правни и социјални критериуми за утврдување на родителството и правото на детето да го знае своето генетско потекло (член 7 КПД), што потекнува од правото на почитување на приватниот и на семејниот живот, а со тоа и сопствениот идентитет (член 8 ЕКЧП).

На крајот од публикацијата е поместен трудот на авторот Дејан Донев - **„Биоетичките аспекти во дебатата за евтаназијата“**, кој претставува филозофски обид на широка биоетичка основа да се поставаат и испитаат сѐ уште актуелните аргументи „за“ и „против“ евтаназијата, според кои за едни животот е светост и никој нема право истиот да го заврши, додека, пак, за други животот му припаѓа на секој од нас и секоја личност има право да одлучува што сака да направи со него, дури и ако истиот се сведе на умирање.